**Прашања и одговори 1**

Во врска со Јавниот повик бр. 01-144/2025 и тендерската документација кон јавниот повик за прибирање на понуди за набавка на Мазут, за Дел 1:Мазут за РЕК Битола и ДЕЛ 2: Мазут за РЕК Осломеј, а во согласност со Модел на Договорот за набавка на стоки како Прилог 2 во Тендерската документација, во прилог ги доставуваме следните прашања за кои би сакале да добиеме дополнително појаснување.

1. Во точка 1.9 каде се наведени применливите прописи врз кои е изработена тендерската документација, сакаме да Ви укажеме дека се повикувате на Законот за енергетика (Сл. весник на РСМ бр. 96/18 и 89/19) кој повеќе не е на сила. На сила е нов Закон за енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/25 и 135/25) и истиот се применува од 28.05.2025 година.
   Ве молиме за корекција на тендерската документација и модел-договорот во прилог согласно Закон за енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/25 и 135/25).

   **Одговор:**
   **Се прифаќа вашата забелешка. Во договорот со избраниот понудувач ќе се направат потребните измени/допрецизира со повикување/цитирање на законска/подзаконска регулатива која е сега применлива. При ова сакаме да потсетиме на одредбата од последниот став од член 1 од моделот на договор каде стои:** "Во случај во текот на времетраењето на овој Договор, со законска или подзаконска регулатива да се одобри за продажба и користење друг тип на мазут соодветен на предметот на набавка на овој Договор, Продавачот е должен да испорачува таков тип на мазут"

2. Согласно член 4 од Модел договорот каде се дефинирани испораките, би сакале да потенцираме дека дека во претходните набавки имаше испораки од 50 камиони на дневна основа, а со новиот Закон за енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/25 и 135/25) согласно член 252 став 4 од истиот, таа динамика е невозможно да се реализира.
   Добивме неофицијални информации, дека за ваков тип на набавка, Државните институции ќе бидат изземени од измените, но, до овој момент немаме потврдена информација за тоа, па би Ве замолиле за информација дали тоа важи за Вашата институција, АД ЕСМ и дали на начинот којшто е предвиден во член 252 став 4 од Закон за енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/25 и 135/25) ќе се одвива испораката?

   **Одговор:**
   **Членот 4 од Моделот на договор е дефиниран според потребите на Купувачот а согласно фактот што потрошувачката на мазут зависи од повеќе фактори кои во најголем дел се непредвидливи. Немаме и не можеме да коментираме сознанија за "неофицијалните информации" кои ги имате.**

3. Во Прилог 1 во финансискиот дел на понудите за двата дела е предвидено да единечната цена на мазутот се дефинира согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од РКЕ, која важи на денот на објава на огласот во дневните весници, со оглед на тоа што огласот е објавен и превземен од Вашиот веб сајт, а на самата тендерска документација не е наведен датумот на неговата објава, сакаме да Ве замолиме да се прецизира датумот на објавата на јавниот повик, како би се дефинирала и цената на предметот на јавниот повик.

**Одговор:**
**Датумот на објава е 05.12.2025 година.**

4. Согласно член 4 од Модел договорот начинот на плаќање по Договорот е дефиниран по извршена испорака, во рок од 30 дена, сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Купувачот. Ве молиме за прецизирање и за дефинирање дали фактурата треба да се достави во архивата на Подружниците согласно деловите на набавката или истата треба да биде доставена во архивата на АД ЕСМ во Скопје.
Со оглед на тоа што станува збор за големи количини, а реализацијата на предметот на набавката би била дневна, сакаме да предложиме прифаќање на издавање на фактури со електронски потпис, придружено со соодветна документација, како поедноставен начин за достава на фактурите предмет на овој Договор.
Ве молиме за разгледување на можноста за достава на фактурите во електронски формат.

**Одговор:**
**Фактурата ќе треба да се доставува во архивата на Купувачот – АД ЕСМ Скопје, ул.11 Октомври бр.9.**
**Можноста за достава на фактурите во електронски формат ќе биде дополнително разгледана и евентуално усогласена. Во моментов ова нема влијание на одлуката на понудувачите да дадат своја понуда како и на цената на самата понуда.**

5. Во точка 6 од Модел Договорот за Квантитативен и Квалитативен прием во член 7, имате предвидено квалитетативен прием на мазутот кој се испорачува директно од увоз кој согласно Закон за енергетика (Сл. весник на РСМ бр.101/25 и 135/25) согласно член 252 став 4 од истиот таков начин на испорака е незаконит, освен во случај да Вие како институција сте изземени од овој начин на испорака.
Ве молиме за појаснување и соодветна корекција во модел договорот.

**Одговор:**
**Договорот со избраниот понудувач ќе биде допрецизиран во делот на повикување на законска/подзаконска регулатива која е сега применлива. Купувачот нема да бара одредбите кои би биле спротивни на законска/подзаконска регулатива. Во секој случај, продавачот ќе биде обврзан да испорачува мазут согласно релевантната регулатива кој ќе биде важечка во моментот на испорака.**

6. Во член 9, каде е дефинирано потеклото и квалитетот на мазутот да е во согласност со важечкиот стандард МКС.Б.Х2.430, Ве известуваме дека стандардот е неприменлив и постои друг важечки стандард за квалитет на мазутот.
Ве молиме за соодветна корекција во однос на истиот
Ве молиме да ги земете во предвид нашите забелешки и да извршите корекција во однос на тендерската документација.
**Одговор:**
**Се прифаќа забелешката. Се прави корекција и наместо МКС.Б.Х2.430 треба да стои МКС 1003:2022. Договорот со избраниот понудувач ќе биде допрецизиран во делот на повикување на законска/подзаконска регулатива која е сега применлива.**

Комисија за јавни набавки